Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 27. 11. 2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 6021 | 1 | |

12:24

**До:**
**д-р Зоран Трајчевски, директор**
**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 196-г и член 196-ѓ од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16), а во врска со Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, бр.10-5985/1 од 25.11.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување, доставува:

**П Р Е Д Л О Г**
**за изрекување мерка**

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, бр.10-5985/1 од 25.11.2016 година, емитуван на 23 ноември 2016 година.

Предмет на извршениот надзор (мониторинг) е член 76 став 4 од Изборниот законик („Радиодифузерите не смеат да емитуваат платено политичко рекламирање во вести, посебни информативни програми, образовни и програми за деца и во преноси од верски, спортски, културни, забавни и други настани").

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, бр.10-5985/1 од 25.11.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување предлага да се покрене прекршочна постапка во која судот ќе изрече прекршочна санкција – опомена за прекршување на член 76 став 4 од Изборниот законик.

**О б р а з л о ж е н и е**

До Привремената комисија за следење на медиумското преставување доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, бр.10-5985/1 од 25.11.2016 година, емитуван на 23 ноември 2016 година.

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на програмскиот сервис на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, бр.10-5985/1 од 25.11.2016 година, Привремената комисија констатираше дека ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, во рамките на својот програмски сервис емитуван на 23 ноември 2016 година, на државно ниво, спротивно на одредбите од член 76 став 4 од Изборниот законик, емитува платено политичко рекламирање во посебни информативни програми. Платеното политичко рекламирање е емитувано во дебатната емисија „Аргументи", емитувана на 23 ноември 2016 година.

Прекршокот е констатиран и е специфициран (по опис на констатации од надзорот, датум на прекршок, програма, период на емитување на рекламирањето и нарачател) во Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг), бр.10-5985/1 од 25.11.2016 година, во точка 6. „Констатации од надзорот".

Врз основа на предходно наведеното, со оглед дека прекршокот е сторен за прв пат, Привремената комисија за следење на медиумското претставување предлага да се покрене прекршочна постапка во која судот ќе изрече прекршочна санкција – опомена.

**Членови на Привремената комисија за следење на медиумско претставување:**

1. Љуљзим Хазири __________
2. Слаѓана Димишкова __________
3. Љубомир Костовски __________
4. Горан Трпеноски __________
5. Цветин Чилиманов __________